ИЗЛОЖБА

# ЖЕНСКИ ПРИЛОГ ЗА ГРАДОТ




***На 21 април во централното градско подрачје се одржа ликовна интервенција на повеќе авторки***

„Озарување на местото“ е втора изложба по ред во која се обработува феноменот на женската уметност. Проектот произлегува од потребата да се интервенира во самото градско подрачје со цел да се добие ново поестетско видување на сегашната урбана состојба. Авторките не понудуваат глобално решение за хронично урбаниот проблем на Скопје, кој по земјотресот го изгуби ликот на компактна градска целина. Тоа полека се претвори во безлична маса од асфалт и бетонски конструкции. Во тој лавиринт од згради, непланскиобјекти и сообраќај, граѓаните губат чувство за изгледот на сопственото пребивалиште. Односот на дел од граѓаните спрема уметничките дела, чија цел не беше да се препознаваат како такви, зборува за односот на граѓаните спрема градот.

Елизабета Аврамовска со „Водена коцка“ има идеја да интервенира во Жена-парк, оградувајќи ја запуштената фонтана со стакло и осветлувајќи ја однатре со светла. Со тоа, таа решава неколку проблеми: прскањето на водата, осветлувањето на и онака темниот парк и добивање повисока естетика во просторот.

Жанета Вангели со „Прекин на мислењето, или Interuptio cogitandi“ постави плакати на дел од билбордите лоцирани на улицата "Даме Груев" и посади зелен појас меѓу нив како трајна интервенција што останува. Визуелната предлошка на сите нив беше иста, а се менуваше пораката пренесена преку латински фрази.

Гордана Вренцовска преку „Мека бариера“ се обиде да ги сокрие грдите и искршени влезови на скривниците под тврдината Кале, со цел тој дел од тврдината да го направи попријатен. Поставувањето обоени завеси на почетокот од влезовите служеше како замена за искршените врати. Нејзината интервенција беше успешна неколку часа сè до нивното мистериозно исчезнување.

Љупка Делева „Се шетам, гледам, сонувам дење... низ градот“ и Искра Димитрова „Плоштад Утопија Скопје“ градат виртуелен град, вклучувајќи ги и граѓаните во него. Тие создаваат имагинарен субјективен град поставен врз веќе постојната топографија. Тоа е град на интимни моменти, топли катчиња, со отстранети недостатоци.

Наташа Димитриева, како и повеќето, интервенираше во центарот, поточно спроти сендвичарницата „Кај чичко Стоилко“, обвивајќи ги дрвените клупи за седење со бела хартија како симбол за светлото и чистото. Интервенцијата содржеше и натпис, во кој се содржи и името на делото - „Одржувај чисто“. Употребата на лесно уништлив материјал условуваше делото набргу да исчезне. Дождот како да не беше испланиран, па влагата го стори своето. Го разјаде материјалот.

Моника Мотеска планираше „Лазење по бело“, за да се одржи во Зоолошката градина. Проектот се состои од видео проекција на млеко како се лизга по тенок конец врз бели јарешки кожи. Таа, како и Наташа, ја употребува белината како симбол на чистота, како материјалната така и метафизичката. Покрај тоа, таа алудира и на агресијата на урбаната цивилизација врз природата, која е загрозена.

Христина Ивановска со „Бул. Христина Ивановска - Скверот 1078/24“ се побунува против „презастапеноста“ на женските имиња во називите на улиците. Таа открива дека 24 од 1078 се од женски род и тоа го презентира со фотографска предлошка. Со цел да се зголеми оваа бројка & нбсп; & нбсп; како и да се пополни недостатокот од „женски“ булевар, Христина него го измислува, иронично и дрско кумувајќи му, доделувајќи го своето име.

Славица Јанашлиева и Ана Стојковиќ со својата „Ризична зона“ укажуваат на најголемиот женски проблем - скинати чорапи и скршени чевли со висока потпетица. Истовремено, тој може да влезе во првите десет проблеми од патологијата на градот. Тие креираат знаци на хартија и лепенки во форма на сообраќајни знаци, кои беа поставувани на плоштадот секаде каде што имаше потреба. Но, се соочија со нивни недостиг, затоа што вчудоневидувачка е нивната употребеност на неколку метри квадратни.

Вана Урошевиќ со „Чистење во антикварницата“, одржано во Антикварница Доел, укажа на потребата од прочистување не само физичко туку и духовно. Перформанс-инсталацијата се состоеше од симболично чистење на една просторија, која во себе содржи остатоци од една стара и дамнешна градска ентериерна атмосфера, со помош на пенливи меурчиња од сапуница. Перформансот во себе крие елементи на некој магично-симболичен ритуал условен од културата на градското живеење.

Јасминка Новковска со „Нов изглед“ се чини дека се покажа најпрактична. Понесена од желбата и сопствените афинитети да му подари на градот нешто со кое би интервенирала естетски и ликовно, таа се решава да го зачне вечно болниот момент на исфрлање на отпадоците. Ликовното обојување на кантите за отпадоци во центарот на градот, согласно со нејзиниот темперамент, има за цел да зрачат со веселост, топлина и среќа искажани преку изразити бои во попартистички манир.

Виолета Чаповска со инсталацијата „Уредување на душата“ ги обработува психичката состојба на пациентите од Психијатриската болница и односот на граѓанството спрема нив, огледан преку потстандардно опремените чекалници во истиот објект.

Нада ПЕШЕВА